Република Македонија
Државна изборна комисија

# З А П И С Н И К
## ОД 63 –ТАТА СЕДНИЦА
## НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

## ОДРЖАНА НА 27 ФЕВРУАРИ 2014 ГОДИНА

# ЗАПИСНИК
## од шеесет и третата седница на Државната изборна комисија

Шеесет и третата седница на Државната изборна комисија се одржа на ден 27 февруари 2014 година ( четврток ) во седиштето на Државната изборна комисија во Скопје со почеток во 13:00 часот.

На седницата присуствуваа:

| | |
|---|---|
| **Никола Рилкоски -** | Претседател на Државната изборна комисија |
| **М – р. Субхи Јакупи -** | Потпретседател на Државната изборна комисија |
| **Влатко Сајкоски -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Сашо Срцев -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Анета Стефаноска -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Виолета Дума-** | Член на Државната изборна комисија |
| **Бедредин Ибраими -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Расим Мустафа -** | Зам. Генерален секретар на Државната изборна комисија. |

На Седницата не присуствуваше Генерален секретар на Државната изборна комисија, Биљана Стојановска од оправдани причини.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Државната изборна комисија Никола Рилкоски. Претседателот констатира дека е Комисијата во полн состав и дека може да работи и да одлучува полноважно.

За оваа седница беше предложен следниот

### ДНЕВЕН РЕД:

**1.Разгледување и усвојување на Записникот од 62 – та Седница на Државната изборна комисија одржана на 21 февруари 2014 година;**
**2.Предлог Решенија по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9;**
**3. Предлог Кодекс за набљудување на изборите и изборната постапка;**
**4.Упатство за изгледот на беџовите за набљудување на Претседателските избори 2014 година;**
**5.Предлог Прирачник за едукација на членовите на Избирачките одбори;**
**6.Разгледување на Барањата за акредитација на набљудувачи од Амбасадата на Република Хрватска, Амбасадата на Кралството Шпанија и Амбасадата на Република Словенија за изборите за Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 год;**
**7.Предлог Извештај за соработка помеѓу Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Државната изборна комисија за спроведување на заеднички активности, како што се дефинирани во Анекс 1 на Меморандумот за соработка, потпишан во 2013 година;**
**8.Разгледување на барањата за разрешување на претседател, членови и нивни заменици на Општинските изборни комисии;**
**9.Случаен избор за именување на претходно разрешените претседатели, членови и нивни заменици во Општинските изборни комисии;**
**10.Разрешување и случаен избор за именување на претседатели, членови и нивни заменици на Избирачките одбори за гласање во Дипломатско конзуларните претставништва односно конзуларните**

**канцеларии, согласно членовите 38 став (4) и 38–а став (3) од Изборниот законик;**

**11.Случаен избор за именување на претседател, членови и нивни заменици на Избирачкиот одбори за спроведување на гласањето во Државната изборна комисија на членовите на Избирачките одбори во Дипломатско конзуларните претставништва односно конзуларните канцеларии;**

**12.Предлог Одлуки за ангажирање на лица во помошните тела на ДИК за спроведување на избори за избор на Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 година;**

**13.Упатство за измена и дополнување на Упатството за примена на членот 111 од Изборниот законик – за болни и немоќни лица бр.07-493/1 од 21 февруари 2014 год.;**

**14.Предлог Заклучок за спроведување на постапка за доделување на договор за јавна набавка на средство за обележување на гласачите– видливо мастило и**

**15.Разно.**

Се отвори расправа по дневниот ред.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски предложи дополнување на Дневниот ред и тоа **точката 6 да се дополни со уште едно барање кое денес пристигна " Барање за акредитација на набљудувачи од Амбасадата на Државата Катар " точката 15 да биде "Предлог Годишен извештај за Завршна сметка на Државната изборна комисија за 2013 година ", а точка 16.Разно.**

Никој друг не побара збор и предложениот дневен ред со дополнувањата и измените е ставен на гласање и појаснување.

**7 членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на предложениот дневен ред со дополнувањата и измените.**

**Точка 1:**
**Разгледување и усвојување на Записникот од 62 – та Седница на Државната изборна комисија одржана на 21 февруари 2014 година;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски отвори дискусија по Записникот од 62 – та Седница на Државната изборна комисија.

За збор се јави Бедредин Ибраими, Член на ДИК, кој кажа дека неговата дискусија во точката 1 од Записникот не е јасно напишана и побара во третата реченица по зборовите " Изборната единица број 5 да се стави точка, остатокот на реченицата да се избрише и да се додаде нова реченица "И покрај оваа измена во Изборната единица број 6 повторно имаме надминување за скоро 1% на избирачите над дозволениот законски цензус од плус 5 %". По оваа реченица да се продолжи со реченицата " За ова прашање побарав одговор " и понатаму како стои во Записникот.

Никој друг не побара збор и Записникот од 62 –та Седница на ДИК со забелешката на Бедредин Ибраими, Член на ДИК е ставен на гласање.

**7 членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Записникот од 62 – та Седница на Државната изборна комисија одржана на 21 февруари 2014 година со забелешката на Бедредин Ибраими, Член на ДИК.**

**Точка 2:**
**Предлог Решенија по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9;**

За дискусија по оваа точка се јави Бедредин Ибраими, Член на ДИК кој помеѓу другото кажа дека е ДИК секојдневно во заседание и ги извршува своите активности. Согласно Извештајот што го подготвуваат службите во врска со обработените пријави поднесени во ДКП до 27.02.2014 год. во Изборната единица 7 примени се вкупно 617 пријави, од кои се решени 576 пријави, 16 пријави се дупли, 26 пријави се одбиени, а 550 пријави се прифатени што значи дека тие наши сограѓани ќе можат да го остварат своето право на глас. Во Изборната единица 8 примени се вкупно 302 пријави, од кои се решени 287 пријави, 11 пријави се дупли, 18 пријави се одбиени, а 269 пријави се решени позитивно што значи дека тие наши сограѓани ќе можат да гласаат. Во Изборната единица 9 примени се вкупно 209 пријави, од кои се решени 205 пријави, 4 лица два пати се пријавиле, 3 се одбиени, а 202 пријави се решени позитивно. Законски е регулирано дека во ДКП каде има пријавено помалку од 10 избирачи за глсање не може да се отвари Избирачко место. Во Изборната единица 7 само 12 Избирачки места го исполнуваат правото на гласање во тие места. Во Избирачката единица 8 од 6 Избирачки места само во Отава не се отвара Избирачко место а 5 Избирачки места се отвараат и во Изборна единица 9 само во Мелбурн се отвара Избирачко место. Предлага согласно овој Извештај да се донесат решенија на запишување односно на не запишување на лицата во Избирачкиот список.

За збор се јавија и:

- Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски кој кажа дека е ова пресек со 27.02.2014 година а за останатите пријави до 7.03.2014 год. ДИК ќе има нови седници и ќе ги разгледува пристигнатите барања и пријави.
- Анета Стефановска, Член на ДИК која кажа дека е ова првичен Извештај а со оглед на тоа дека не се познати кандидатите за Претседател на Република Македонија до 7.03.2014 година ќе имаме поинаква состојба.
- Бедредин Ибраими, Член на ДИК кој кажа дека во Репуиблика Македонија ако имаме помалку од 10 избирачи Избирачкото место не се отвара, но ова не требало да важи и во странство и не е добро решение затоа што чини многу пари.
- Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски кој кажа дека се согласува со излагањето на Бедредин Ибраими, Член на ДИК и дека ДИК ова треба да го препорача на законодавецот да го измени во Изборниот законик затоа што е нецелисходно.
- Анета Стефановска, Член на ДИК кажа дека се измените на Изборниот законик сега донесени и дека е ова решение во ред. Кога ќе има конечни резултати тогаш ќе се дискутира.

Дискусиите завршија и Предлог Решенијата по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9 кои се составен дел на Прегледот се ставени на гласање.

**7 членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Решенијата по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9 кои се составен дел на Прегледот, а најитно да бидат доставени Решенијата за лицата кои се одбиени.**

**Точка 3:**

**Предлог Кодекс за набљудување на изборите и изборната постапка;**

За збор се јави Влатко Сајкоски, Член на ДИК кој кажа дека ДИК согласно членот 31 од Изборниот законик има законска обврска да изготви Кодекс за набљудување на изборите и изборната постапка. Кодексот има за цел да ги утврди процедурите за набљудување на изборите и изборната постапка и процедурата за вршење на набљудувачката мисија на акредитираните набљудувачи, а во функција да се подобри интегритетот и транспарентноста на изборниот процес. Негова цел е

да ги определи надлежностите на оние кои ги набљудуваат изборите. Овој кодекс во најголема мерка е идентичен со кодексот од претходните избори но е усогласен со измените и дополнувањата на Изборниот законик и треба да се донесе.

Предлог Кодексот за набљудување на изборите и изборната постапка е ставен на гласање.

**7 членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Кодексот за набљудување на изборите и изборната постапка.**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски даде предлог да се спојат со точката 3, **Точка 4:Упатство за изгледот на беџовите за набљудување на Претседателските избори 2014 година и Точка 5 :Предлог Прирачник за едукација на членовите на Избирачките одбори** за кои ќе дискутира Влатко Сајкоски, Член на ДИК.

Влатко Сајкоски, Член на ДИК даде објаснување во врска со Упатството за изгледот на беџовите за набљудување на Претседателските избори 2014 година. Беџовите се даваат како исправа за идентификација. Текстот на беџовите е отпечатен на македонски јазик и во општините во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик е на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на службениот јазик и писмото што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во таа општина. Беџовите се издаваат за домашните набљудувачи, меѓународните набљудувачи, домашните и странските новинари, преведувачите,Општинските изборни комисии, Избирачките одбори, Членовите на Државната изборна комисија и на претставниците на подносителите на листи. Ова Упатство треба да се усвои и да се објави на интернет страницата на ДИК.

Влатко Сајкоски, Член на ДИК даде објаснување во врска со Предлог Прирачникот за едукација на членовите на Избирачките одбори. ДИК има обврска да ги запознае членовите на сите изборни органи со спроведувањето на изборната процедура во целост. Овој Прирачник е конкретно за Избирачките одбори, да се запознаат членовите на ИО со правата и обврските и како да се организираат во изборен процес. Ова е еден од најважните акти што ДИК ги носи на овие избори. До бро организирано гласање на Избирачките места дава добра слика за изборите. Сите измени на Изборниот законик се внесени во овој Прирачни и детално објаснети. Целисходно е овој Прирачник да биде усвоен на оваа Седница за побрзо да биде приготвен и доставен до ИО.

За збор се јави Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи, во врска со Упатството за изгледот на беџовите за набљудување на Претседателските избори 2014 година, кажа дека во точката 3 и 4 се гледа дека ДИК дава беџови на домашните и странските новинари со цел да се надминат поранешните проблеми со нивните редакции и радио дифузните куќи. По закон сите лица треба да имаат легитимации за да присуствуваат внатре во Избирачките места за време на гласањето и броењето на гласовите, а новинарите без овие беџови не би можеле да бидат присутни. Добро е изработено Упатството и го прифаќа.

Упатство за изгледот на беџовите за набљудување на Претседателските избори 2014 година е ставено на гласање.

**7 членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Упатството за изгледот на беџовите за набљудување на Претседателските избори 2014 година.**

Дискусијата продолжи.

За збор се јави Бедредин Ибраими, Член на ДИК , со укажување да се види на страната 25 во Прирачникот, во табелата кое е законското решение, законскиот начин што се прави со ливчето, односно дали е соодветна терминологијата дека неупотребеното гласачко ливче " се поништува ". Смета дека таквото ливче ја

сноси судбината на ливчето за гласање на болни и немоќни лица. Предлага да се стави слика за забрана за носење оружје на гласачкото место.

За збор се јави Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи, кој кажа дека се сликите во Прирачникот добро изработени, многу појасни и прецизни. Ова треба да се промовира, да се направат флаери затоа што сликата го појаснува гласањето. Предлага во секое гласачко место да бидат поставени вакви слики пред вратите.

Никој друг не се јави за дискусија и Предлог Прирачникот за едукација на членовите на Избирачките одбори , со сугестиите е ставен на гласање.

**7 членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Прирачникот за едукација на членовите на Избирачките одбори со сугестиите.**

**Точка 6:**
**Разгледување на Барањата за акредитација на набљудувачи од Амбасадата на Република Хрватска, Амбасадата на Кралството Шпанија, Амбасадата на Република Словенија и Амбасадата на Државата Катар за изборите за Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 год;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски кажа дека Амбасадите на Република Хрватска, Кралството Шпанија, Република Словенија и Државата Катар имаат званично поднесени Барања за акредитација на набљудувачи со документација и посебен список на луѓето на кои треба да им се даде акредитација.

Никој друг не побара збор и Барањата за акредитација на набљудувачи од Амбасадата на Република Хрватска, Амбасадата на Кралството Шпанија, Амбасадата на Република Словенија и Амбасадата на Државата Катар за изборите за Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 год. се ставени на гласање.

**7 членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Барањата и издавање на акредитација на набљудувачи од Амбасадата на Република Хрватска, Амбасадата на Кралството Шпанија, Амбасадата на Република Словенија и Амбасадата на Државата Катар за изборите за Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 год.**

**Точка 7:**
**Предлог Извештај за соработка помеѓу Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Државната изборна комисија за спроведување на заеднички активности, како што се дефинирани во Анекс 1 на Меморандумот за соработка, потпишан во 2013 година;**

Потпретседателот на ДИК ,М-р Субхи Јакупи кажа во врска со оваа точка дека ДИК има одлична соработка со Мисијата на ОБСЕ. Секоја година се склучуваат Меморандуми за соработка во кој се наведени сите заеднички активности. Во овој Извештај се наброени тие активности а тоа се: Изработка на методологија за проверка на Избирачкиот список; Поддршка при изработка на извештај за меѓуинституционална соработка за раководење со Избирачкиот список, во соработка со ОБСЕ/ОДИХР; Организирање работилници со ОИК за евалуација на Локалните избори 2013 год. и Поддршка при изготвувањето на Стратешкиот план на ДИК за периодот 2014 – 2016 година. Овој Извештај ДИК треба да го прифати и да се достави до Мисијата на ОБСЕ.

Никој друг не побара збор и Предлог Извештајот за соработка помеѓу Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Државната изборна комисија за спроведување на заеднички активности, како што се дефинирани во Анекс 1 на Меморандумот за соработка, потпишан во 2013 година е ставен на гласање.

**7 членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Извештајот за соработка помеѓу Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Државната изборна комисија за спроведување на заеднички активности, како што се дефинирани во Анекс 1 на Меморандумот за соработка, потпишан во 2013 година.**

Потпретседателот на ДИК ,М-р Субхи Јакупи предложи точките 8,9,10 и 11 поради тоа што се слични да се остават за на крај на Седницата затоа што е за нив потребна техничка подготовка од Секторот за информатичка технологија.

Предлогот на Потпретседателот на ДИК ,М-р Субхи Јакупи е едногласно прифатен и се продолжи со дискусија по точката 12.

**Точка 12:**
**Предлог Одлуки за ангажирање на лица во помошните тела на ДИК за спроведување на избори за избор на Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 година;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски даде објаснување дека е работи за лица ангажирани како помошно тело на ДИК за спроведување на избори за избор на Претседател на 13.04.2014 год. во одредени општини во Македонија каде ДИК нема свое подрачно одделение односно канцеларија, едно лице за вршење на угостителски услуги и едно лице хигиеничар во работните простории во ДИК по завршувањето на редовното работно време. Прочитани се сите Предлог Одлуки поединечно.

Никој не побара збор и Предлог Одлуките за ангажирање на лица во помошните тела на ДИК за спроведување на избори за избор на Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 година се ставени на гласање.

**7 членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Одлуките за ангажирање на лица во помошните тела на ДИК за спроведување на избори за избор на Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 година. Одлуките се составен дел на овој Записник.**

**Точка 13:**
**Упатство за измена и дополнување на Упатството за примена на членот 111 од Изборниот законик – за болни и немоќни лица бр.07-493/1 од 21 февруари 2014 год.;**

За збор се јави Виолета Дума,Член на ДИК која даде објаснување во врска со оваа точка. На 62- та Седница ДИК донесе Упатството за примена на членот 111 од Изборниот законик – за болни и немоќни лица и колегата Бедредин Ибраими даде опсежна анализа на ова Упатство. Но ДИК при анализирање на актите најде дека е нешто пропуштено во ова Упатство и го дополни со менување на точката 4 од Упатството. Дополнувањето е дека ОИК врши електронска проверка во Избирачкиот список на сите уредно пријавени болни и немоќни лица и од како ќе ги најде ОИК ќе ги стави на посебен список сите уредно пријавени немоќни или болни лица и примерок од истиот ќе достави до ДИК. ДИК утврди дека е ова попрактично решение и затоа ја направи оваа измена и дополнување на Упатството. Предлага да отпадне зборот "Упатство" а да остане само " Измена и дополнување на Упатството за примена на членот 111 од Изборниот законик – за болни и немоќни лица бр.07-493/1 од 21 февруари 2014 год.

Никој не побара збор и Предлогот - Измената и дополнување на Упатството за примена на членот 111 од Изборниот законик – за болни и немоќни лица бр.07-493/1 од 21 февруари 2014 год. е ставен на гласање.

**7 членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на "Измената и дополнување на Упатството за примена на членот 111 од Изборниот законик – за болни и немоќни лица бр.07-493/1 од 21 февруари 2014 год.".**

**Точка 14:**
**Предлог Заклучок за спроведување на постапка за доделување на договор за јавна набавка на средство за обележување на гласачите– видливо мастило;**

Во врска со оваа точка образложение даде Потпретседателот на ДИК ,М-р Субхи Јакупи кој кажа дека е веќе познато дека ДИК има проблеми со финансиските средствата за овие избори. Според усвоениот Финансиски план на ДИК и се потребни дополнителни финансиски средства за отпочнување со предвидените јавни набавки. За обезбедување на финансиски средства за отпочнување на постапката за доделување на договор за јавна набавка на средства за обележување на гласачите – видливо мастило ДИК има само шест милиони и осумстотини илјади денари а потребни се седум милиони и пет стотини илјади денари кои ќе ги обезбеди со пренамена на еден милион денари. Добро е овој Заклучок да се усвои за ДИК да биде покриена со документ и да се отпочне со јавната набавка на видливото мастило затоа што времето поминува и се ближи денот на изборите.

Никој не побара збор и Предлог Заклучокот за спроведување на постапка за доделување на договор за јавна набавка на средство за обележување на гласачите– видливо мастило е ставен на гласање.

**7 членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Заклучокот за спроведување на постапка за доделување на договор за јавна набавка на средство за обележување на гласачите– видливо мастило. Заклучокот е составен дел на овој Записник.**

**Точка 15:**
**Предлог Годишен извештај за Завршна сметка на Државната изборна комисија за 2013 година;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски објасни дека во овој Годишен извештај се наведени сите приходи и расходи кои ДИК ги остварила за 2013 година.

За збор се јави Потпретседателот на ДИК ,М-р Субхи Јакупи кој кажа дека ДИК секоја година до 28.02.2014 година носи Годишен извештај за Завршна сметка на Државната изборна комисија за претходната година. Во Извештајот се наведени сите остварени приходи и расходи и потоа се поделени по ставки. За ДИК е битно да се донесе овој Извештај со вкупно остварените трошоци за 2013 година.

Никој не побара збор и Предлог Годишниот извештај за Завршна сметка на Државната изборна комисија за 2013 година е ставен на гласање.

**7 членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Годишниот извештај за Завршна сметка на Државната изборна комисија за 2013 година.**

По паузата заради техниката подготовка на Секторот за информатичка технологија се продолжи со 63- тата Седница на ДИК, по точката 8.

**Точка 8:**
**Разгледување на барањата за разрешување на претседател, членови и нивни заменици на Општинските изборни комисии;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, кажа дека има Листа на членови на ОИК кои бараат изземање од 18.02.2014 год. до 25.02.2014 год. и во Листата има вкупно 21 лице.

За збор се јави Бедредин Ибраими, Член на ДИК кој кажа дека ДИК е договорена и тој предлага да бидат иземени, односно ќе се менуваат само тие членови на ОИК кои ги исполнуваат условите за изземање според законот. Од предложената Листа на членови на ОИК кои бараат изземање од вкупно 21 лице нема да бидат иземени 7 лица и тоа: Гордана Матеева – член на ОИК Валандово, Ѓорѓи Тодоров – заменик Претседател на ОИК Арачиново, Љупчо Зоров-член на ОИК Арачиново, Џенгис Хани- Претседател на ОИК Струга, Бахриа Реџеп- член на ОИК Шуто Оризари, Војислав Марјановиќ-заменик член на ОИК Шуто Оризари и Милена Ристова Михајловска – заменик член на ОИК Карбинци.

**7 членови на Државната изборна комисија се произнесоа “ ЗА “ прифаќање на Предлогот на Бедредин Ибраими, Член на ДИК да бидат усвоени барањата на 14 лица и истите да бидат иземени поради тоа што го исполнуваат законскиот основ за иземање ( престанок на статус на државен службеник или старосна пензија ), а за останатите 7лица не се прифатени барањата за иземање.**

**Точка 9:**
**Случаен избор за именување на претходно разрешените претседатели, членови и нивни заменици во Општинските изборни комисии;**

Започна спроведувањето на случајниот избор за именување на претходно разрешените претседатели, членови и нивни заменици во Општинските изборни комисии ( точка 8 од дневен ред ) во согласност со Изборниот законик водејќи сметка за процентот и застапеноста врз основа на национална и полова припадност, на ново избраните лица.

**Комисијата по пат на случаен избор изврши избор на 14 претходно разрешени претседатели, членови и нивни заменици во Општинските изборни комисии, врз основа на што да се донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуките за формирање на Општинските изборни комисии. Одлуката е составен дел на овој Записник.**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски даде предлог, со оглед дека има технички проблеми со симулирањето на случајниот избор на членови на Избирачките одбори за гласање во ДКП 63 – тата седница да се прекине и да продолжи на 28.02.2014 година во 11:00 часот. На продолжетокот на 63 – тата Седница ќе се расправа по преостанатите точки 10, 11 и 16 од дневниот ред.

Составен дел на Записникот од оваа Седница е аудио снимката на Седницата.

**63-тата седница на Државната изборна комисија заврши во 16:00 часот.**

**Број** 07-635/3
05.03.**2014 година**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА,**
**Биљана Стојановска**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Никола Рилкоски**

**Изготвил: Зорица Петровиќ**